Врз основа на Законот за приватизација на државниот капитал (Службен весник на РМ бр.37/96, 25/99, 81/99, 49/00, 6/02 и 74/2005), Закон за трансформација на претпријатија со општествен капитал (Службен весник на РМ 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/2000, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06) и член 52 од Статутот на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на својата XXVII седница одржана на 11.05.2006 година донесе

# ПРОЦЕДУРИ
## за организирање јавна берзанска аукција на удели

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Јавна берзанска аукција

1.1. Јавна берзанска аукција во смисла на овие Процедури (во понатамошниот текст: аукција) е постапка во која продавачот според однапред утврдени услови дава понуда за склучување на договор со кој се стекнува сопственост врз удели кои се предмет на аукцијата, при што учесниците во аукцијата согласно правилата на аукцијата меѓусебно се надаваат за прифаќање на таа понуда.

1.2. Аукциите се одвиваат на посебен берзански сегмент во рамките на електронскиот систем на тргување на Берзата (во понатамошниот текст: БЕСТ систем).

### 2. Предмет на аукцијата

2.1. Предмет на аукцијата можат да бидат уделите на државниот капитал кои ги продаваат овластени државни органи, врз основа на Законот за измени и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал (во натамошниот текст: Законот), како и уделите во сопственост на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

### 3. Учесници во аукцијата

3.1. Учесници во аукцијата од продажна страна се овластени државни органи, како и Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: продавачи).

3.2. Учесници во аукцијата од куповна страна се сите заинтересирани домашни и странски правни и физички лица, согласно законските прописи на Република Македонија ( во понатамошниот текст: купувачи).

3.3. Учесниците на аукцијата од продажна страна ги застапува Берзата.

3.4. Учесниците на аукцијата од куповна страна ги застапуваат членките на Берзата, учесници во тргувањето.

3.5. Во еден ден на одржување на една иста аукција, членките на Берзата од куповна страна за ист удел не смеат за еден ист клиент да употребуваат повеќе од една сметка на хартии од вредност во ЦДХВ.

**4. Изразување на цените и количината на уделите**

4.1. При аукцијата цената се изразува по еден удел во трговското друштво.

4.2. Цената на уделите при тргувањето, и од продажната и од куповната страна, се изразува како процент од проценетата вредност на уделот, со две децимални места;

4.3. Корекциите на цените на уделите се вршат во висина од 0,10% по еден удел.

4.4. Уделите кои се предмет на аукција, се нудат исклучиво како еден удел, според налог "сé или ништо".

4.5. Количината на уделите при тргувањето се изразува како еден лот. Еден лот е еднаков на проценетата вредност на еден удел.

4.6. Количината на уделите кои се нудат на продажба на јавната берзанска аукција ја утврдуваат продавачите.

4.7. Денарската вредност на трансакцијата со удели се пресметува со аплицирање на постигната цена на аукцијата за еден удел (процент, со две децимални места) на количината на еден лот (проценетата вредност на уделот изразена во евра) и средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денарот во однос на еврото, што важи на денот на одржување на аукцијата.

**5. Одржување и времетраење на аукцијата**

5.1. Јавната берзанска аукција се одржува во денови на тргување на Берзата, согласно барањето на продавачот.

5.2. Времетраењето на одржувањето на аукцијата го одредуваат Извршните директори на Берзата.

**6. Подготовка на аукцијата**

6.1. Продавачите ја објавуваат листата на удели кои ќе бидат предмет на аукцијата во средствата за јавно информирање, при што се објавува точниот датум кога уделите ќе се понудат на продажба на аукцијата, количината, почетната продажна цена и начинот на плаќање на уделите.

6.2. Најдоцна три работни дена пред одржување на аукцијата до 15:00 часот, продавачите на удели проверуваат во Централниот Депозитар за хартии од вредност (во натамошниот текст: ЦДХВ) дали истите се слободни за продажба и доставуваат до Берзата во писмена форма, листа на слободните удели кои треба да бидат предмет на продажба на следната аукција.

6.3. Листата од точка 6.2. мора да ги содржи сите потребни елементи за внес на продажните налози за соодветните удели во БЕСТ системот на Берзата и тоа:

- назив на издавачот на уделите;
- проценетата вредност на еден удел;
- почетна продажна цена на уделите изразена во процент, со две децимални места;
- сметка на продавачот во Централниот депозитар на хартии од вредност;
- начин на плаќање на уделите;
- денот во кој ќе се даде понудата за продажба на уделите.

6.4. Берзата определува шифри на уделите кои се предмет на аукција.

6.5. Берзата ги известува своите членки за уделите што ќе се понудат на продажба, заедно со точниот временски редослед на аукцијата, најдоцна два дена пред одржувањето на аукцијата, преку БЕСТ системот.

6.6. Шифрите на уделите што се нудат на аукцијата се разликуваат меѓу себе во зависност од начинот на плаќање и тоа:

- плаќање во готово - на крајот од шифрата се додава "1";
- плаќање со хартии од вредност издадени од Република Македонија - на крајот од шифрата се додава "2".

## II. ПОСТАПКА НА ОДВИВАЊЕ НА ЈАВНА БЕРЗАНСКА АУКЦИЈА ПРИ ПРОДАЖБА НА ПАКЕТИ („СЕ' ИЛИ НИШТО")

7.1. На самиот ден на одржување на аукцијата, Берзата како застапник на надлежните државни институции - продавачи на уделите, ги внесува продажните цени за определени удели во БЕСТ системот и количините на уделите (како еден лот).

7.2. Аукцијата на удели се одвива во две фази и тоа:

1) фаза на индикација на интерес, во траење од 5 минути;

2) фаза на наддавање, во траење од најмалку 5 минути, при што, доколку во последната минута не дојде до подобрување на најдобрата куповна цена (највисоката цена), се склучува трансакција. Во спротивно, доколку во текот на последната минута од 5-те минути наддавање дојде до промена на најдобрата куповна цена, наддавањето продолжува со нови 5 минути по истекот на претходните 5 минути. Доколку дојде до промена на најдобрата куповна цена во текот на последната минута од новите 5 минути, наддавањето продолжува за дополнителни 5 минути. Ваквиот начин на продолжување на наддавањето може да се случува најмногу во 10 интервали (10 пати по 5 минути). Доколку во текот на било кој интервал од по 5 минути не дојде до промена на најдобрата куповна цена во текот на последната минута од 5-те минути, БЕСТ системот склучува трансакција по последната најдобра куповна цена. Во случај на наддавање во 10 интервали, БЕСТ системот склучува трансакција по најдобрата куповна цена во десеттиот интервал.

7.3. И во фазата на индикација на интерес и во фазата на наддавање БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата според следниот приоритет:

а) повисока цена;

б) порано време на внесување на налогот.

7.4. Во текот на аукцијата, членките на Берзата можат да ја видат продажната цена за определен удел внесена од страна на Берзата и куповните налози внесени од другите членки на Берзата.

7.5. Во фазата на индикација на интерес важат следниве правила:

- можат да учествуваат сите членки на Берзата;
- БЕСТ системот ги прифаќа само куповните налози со цени кои се еднакви или повисоки од понудената продажна цена за определен удел;
- при внесот на куповните налози од страна на членките на Берзата не смеат да се употребуваат други дополнителни и/или специјални услови кои се утврдени во Процедурите за тргување на Берзата;
- повлекувањето и менувањето на куповните налози во БЕСТ системот во правец на намалување на цената е дозволено само во период од 1 (една) минута по внесувањето на налогот;
- во еден ден на одржување на една иста аукција, членките на Берзата од куповна страна за ист удел не смеат да внесуваат повеќе од еден налог за еден ист клиент;
- БЕСТ системот ќе врши автоматско одбивање на внес односно менување на куповни налози за ист удел за иста сметка на хартии од вредност во ЦДХВ од страна на една или повеќе членки на

Берзата доколку во БЕСТ системот веќе постои куповен налог за таа сметка на хартии од вредност;

- сите куповни налози мораат да гласат на количината на удели (еден лот) на која што гласи веќе објавениот продажен налог од страна на Берзата;
- сите куповни налози задолжително да бидат внесени како дневни налози (полето услови во маската за внес на налози не се пополнува или се внесува"**Д**");
- не може да се употребуваат куповни налози за групна сметка;

7.6. Во фазата на наддавање важат следниве правила:

- можат да учествуваат само оние членки на Берзата кои внеле куповни налози во фазата на индикација на интерес;
- цените на внесените куповни налози во БЕСТ системот може само да се зголемуваат;
- во фазата на наддавање не можат да се внесуваат нови куповни налози.

### 8. Затворање на аукцијата и избор на најдобра понуда за купување

8.1. Затворањето на аукцијата се случува автоматски при што БЕСТ системот автоматски склучува трансакција со налогот кој е прворангиран согласно критериумите за приоритет наведени во точка 7.3. и согласно начинот на склучување трансакција од точка 7.2, подточка 2.

8.2. Со еден удел може да се склучи само една берзанска трансакција;

## IV. УТВРДУВАЊЕ, ПОРАМНУВАЊЕ И ПРЕГЛЕД НА СКЛУЧЕНИ ТРАНСАКЦИИ

### 9. Утврдување и порамнување на трансакциите

9.1. Утврдувањето на трансакциите со удели на јавната берзанска аукција се извршува од страна на Берзата.

9.2. Порамнувањето на трансакциите со удели на јавната берзанска аукција се извршува преку овластени државни органи, врз основа на Законот, како и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија и Централниот депозитар на хартии од вредност.

9.3. Периодот на порамнување на трансакциите со удели на јавната берзанска аукција кои се плаќаат во готово е Т+3 (три работни дена по

денот на склучување на трансакцијата), а за удели кои се плаќаат со хартии од вредност издадени од Република Македонија е Т+7 (седум работни дена по денот на склучување на трансакцијата).

**10. Преглед на склучени трансакции**

10.1. По завршувањето на аукцијата сите членки на Берзата можат да го видат прегледот на склучените трансакции во БЕСТ системот.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11.1. Членките на Берзата задолжително склучуваат договор и примаат налог за купување од клиентите кои сакаат да купуваат удели на јавната берзанска аукција.

11.2. Секоја повреда на одредбите од овие Процедури значи повреда на Правилата за работа на Македонската берза.

11.3. Овие Процедури стапуваат во сила со денот на усвојувањето од страна на Одборот на директори на Берзата, а ќе се применуваат од 01.06.2006 година.

11.4. Со денот на применување на овие Процедури престануваат да важи Процедури за организирање на јавна берзанска аукција на удели донесени од Одборот на директори на 12.06.2003, како и Одлуките за измени и дополнувања на Процедури за организирање на јавна берзанска аукција на удели донесени од Одборот на директори на 11.03.2005 и 01.11.2005 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Ѕвонко Станковски**